# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**20.08.2019 год.** **Бр.XI**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 36-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 20.08.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 36-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 20.08.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-968/1 од 20.08.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на РМ." бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 20.08.2019 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2019 год. до 30.06.2019 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2019 год. до 30.06.2019 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-945/3 од 20.08.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-967/1 од 20.08.2019 година од Јанкоски Зоран од с.Алданци, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 20.08.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 12.000,00 (дванаесет илјади)** денари по барање бр.08-967/1 од 20.08.2019 година од Зоран Јанкоски со ЕМБГ 0203969443005;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.290500015709273, депонент ТТК Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-945/4 од 20.08.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-947/1 од 14.08.2019

година од Петкоска Верка од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 20.08.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 12.000,00 (дванаесет илјади)** денари по барање бр.08-947/1 од 14.08.2019 година од Верка Петкоска ул."Нико Доага" бб од Крушево со ЕМБГ 2507953448003;

2. Средствата да бидат исплатени на сметка бр.200001832495862, депонент Стопанска Банка АД Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-945/5 од 20.08.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-922/1 од 08.08.2019 година од Фудбалски клуб „Влазними Јуниор" од с.Пресил Општина Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 20.08.2019 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 20.000,00 (дваесет илјади)** денари по барање бр.08-922/1 од 08.08.2019 година од ФК „Влазними Јуниор" од с.Пресил;

2. Средствата да бидат исплатени на жиро сметка бр.210072856630137, депонент Тутунска Банка ад Скопје, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-945/6 од 20.08.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 133 став 1 алинеја 1 од Законот за Основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15 ; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/2014 и 7/2019), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандат на ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево**

1. **На Ана Пачешкоска** од Крушево, му престанува мандатот ВД Директор во ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево на нејзино барање.
2. Градоначалникот на Општина Крушево ќе именува ВД Директор кој ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ОУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

Ана Пачешкоска беше избрана за ВД Директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево со Решение бр.04-759/2 од 24.06.2019 година. На 12.08.2019 година до Градоначалникот на Општина Крушево достави барање да му престане мандат от како ВД Директор на ООУ, архивирано во Општина Крушево под 04-759/4 од 12.08.2019 година.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно одредбите од Законот за Основно образование, односно член 133 став 1 алинеја 1 од истиот закон, донесе решение за престанок на мандатот на негово барање.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-759/5 од 12.08.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 135 од Законот за Основно образование ("Сл.весник на Р.М." бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 51/11; 6/12; 100/12; 24/13; 41/14; 116/14; 135/14; 10/15; 98/15; 145/15; 30/16; 127/16; 67/17 и 64/18), член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14 и 7/2019), Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на ВД Директор на**
**ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево**

1. СЕ ИМЕНУВА **Петре Мишески** од Прилеп , дипломиран професор по одделенска настава, за ВД Директор на ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево.

2. ВД Директорот ќе ја извршува функцијата до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на именувањето.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

4. Примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, ООУ "Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево и Архива на Општина Крушево.

О б р а з л о ж е н и е

На ВД Директорот на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Ана Пачешкоска му престана мандатот поради нејзино барање.

Градоначалникот на Општина Крушево согласно одредбите од Законот за Основното образование, односно член 135 од истиот закон, изврши именување на ВД Директор на ООУ од редот на вработените во училиштето. Во рок од 5 дена од денот на именувањето, ќе донесе одлука УО да објави оглас за избор на директор.

Именуваниот Петре Мишески , е од редот на вработените во училиштето и функцијата ВД Директор ќе ја извршува до изборот на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

Поради горе наведеното Градоначалникот на Општина Крушево се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение допуштена е жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на истото до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Бр.04-759/6 од 12.08.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите од 36-та седница на Советот на Општина Крушево......... 1
2. Зклучок за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2019 година до 30.06.2019 година …………………… 1
3.Решение за исплата на финансиски средства по барање од Зоран Јанкоски од с.Алданци ………1
4. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Верка Петкоска од Крушево ……2
5. Решение за исплата на финансиски средства по барање од ФК "Влазними Јуниор" од с.Пресил ……………………………………………..2
6.Решение за престанок на мандат на ВД Директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево ...............................2
7.Решение за именување на ВД Директор на ООУ „Св.Кирил и Методиј" с.Бучин Општина Крушево ............................................................ 3

Редакциски одбор на Општина Крушево.